С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 07 година XLIV

04 мај 2010

88.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување на одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување на одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/1
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 18 и 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04 , 67/07 и 156/09), член 4 од Законот за јавен долг („Сл.весник на РМ“ бр. 62/05 и 88/08),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување на Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за долгорочно задолжување на Општина Велес („Сл.Гласник на Општина Велес“ бр. 4/10) во делот IV Износ на задолжување се врши следново изменување:

Членовите 5 и 6 се менуваат и гласат:

„Член 5

Износот на задолжувањето на Општина Велес за реализирање на проектите наведени во член 3 од Одлуката за долгорочно задолжување изнесува 65.600.000 денари.

Вкупниот износ на непристигнатиот долгорочен долг на општината не може да го надмине износот на вкупните приходи на тековно-оперативниот буџет на општината во претходната година.

Враќањето на задолжувањето ќе се реализира со средства од Буџетот на Општина Велес.“

„Член 6

Каматната стапка ќе биде утврдена на рамништето на шестмесечен ЛИБОР за евро валута со варијабилен распон, во моментот на потпишувањето на договорот за долгорочно кредитирање согласно условите кои ќе бидат валидни во дадениот момент.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-2086/2
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

89.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/2
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на Член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М. “ бр.5/02), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ број 12/06)

Советот на Општина Велес на седница одржана на 30.04.2010 година донесе,

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите

Член 1

Во Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од одронот на карпите („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 18/09), во членот 2 зборовите „оваа намена“ се бришат и се заменуваат со зборовите „Керим Кимет“

После член 2, се додава нов член 2а кој гласи:

„ Член 2а

Средствата за Енвер Ебибовски со место на живеење на ул.„Вера Циривири“ бр. 224 од Велес ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2010 година, Програма А0 – Совет на Општина Велес – тековни резерви.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-2086/3
03.05.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

90.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 30)

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес (ЛУПД 30), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.04.2010 година.

Број 08-2131/3
04.05.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.04.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата